# Teodosievski

10 Март, 2008 - 04:25

**teodosievski**

## Блог инфо

Адреса на блогот:
teodosievski.blog.com.mk
Име на блогот:
Teodosievski

## Корисник

Приватни пораки:
пријави се или зачлени се за да пратиш приватна порака до овој корисник
Член веќе:
2 недели 2 дена

## Лични информации

E-mail (јавен):
teodosievski@hotmail.com
Датум на раѓање:
4 Дек 1952

## Биографски цртки

Zlatko Teodosievski (1952), istoricar na umetnost, likoven kriticar i kulturolog.

Od 1977 godina objavuva likovni kritiki, statii, esei i ogledi vo poveke dnevni vesnici i spisanija (Nova Makedonija, Razgledi, Kulturen zivot, ZUM, START, 21, Art Republika, Utrinski vesnik i dr.).

Bil kurator na poveke izlozbi vo zemjata i vo stranstvo, megju drugoto i na Bienaleto vo Venecija, OPEN - Venecija, UNESCO - Paris, Kunsthaus - Nurnberg, Nacionalna galerija

8 Март, 2008 - 13:48

# ТВОРЕЧКИОТ ОДГОВОР НА КАТАСТРОФИЧНОСТА

1.
Артур Данто во неговиот предговор за изложбата 9/11 Уметноста како објаснување на Витгенштајн во Апексарт, Нујорк, (септември 2005), вели дека и најобичните луѓе реагираат на несреќите со уметност. Овој став тој го поткрепува со описот на многу мали меморијални "места" организирани од жителите на Нујорк - пред нивните порти, на прозорците, на јавните места итн. - веднаш по катастрофата со зградите на Светскиот трговски центар на 11 септември 2001 година. Данто веројатно е во право зашто катастрофични / катаклизмични настани од таков вид некако "иницираат" еден вид "креативен одговор" кај човекот, а дали тоа може да се оценува / проценува (и) како уметност е прашање за дискусија!





Д-р Кери Роут, еден од кураторите на изложбата Катастрофата и креативноста (поставена во МСУ, Скопје) своето видување на оваа тема го започнува со еден извонреден цитат од легендарниот Пикасо, кој кажал:
*Каква е вашата претстава за еден уметник? Имбецил којшто има само очи ако е сликар, уши ако е музичар, лира во срцето ако е поет или пак мускули ако е боксер? Напротив, тој истовремено е и политичко суштество, постојано жив за срцепарателни огнени или срешни настани, на кои што тој одговара на сите можни начини. Како е можно да немаш интерес за други луѓе и, како резултат на ситна индиферентност, да се одвоиш од животот којшто тие луѓе го носат? Не, сликарството не служи за украсување на станови. Тоа е воено орудие со кое напаѓаме и се браниме од непријателот.*

Иако оваа изјава на славниот сликар има повеќе идеолошки обоен карактер, дури и вака употребена - во контекстот на идејата за катастрофичноста / катаклизмичноста на стварноста и уметничкиот одговор на истата - таа "врши работа". Наведената изложба во Музејот на современата уметност во Скопје - резултат на соработката на оваа институција со Тексас А&М Универзити - Корпус

Sofija, Utrecht i dr.

Avtor e na Izvestajot za makedonskata kulturna politika za Sovetot na Evropa, kako i na makedonskiot del na *Compendium of cultural policies and trends in Europe.*

Bil zamenik minister za kultura i prv direktor na Nacionalnata galerija na Makedonija.

Denes raboti kako vis kustos vo Nacionalnata galerija na Makedonija.


## Барај со Најди!

Овде Блогерај МК


## Опис на блогот

## Претходни записи


- DLUM - Zimsk...


## Последни коментари

Кристи (?) од САД - конципира "заеднички поглед" на темата *Уметноста во времето на неизвесност*. Како заедничка појдовна точка е земена годината 2001 - кај американците заради 11 септември, кај нас заради "вооружениот конфликт" со меѓу-етнички карактер! Интересна (особено за нас!) тема - со "чуден" краен резултат! Но, за тоа подоцна.

**2.**
Дали несреќата, катастрофата, катаклизмата ... крајот ... е составен дел на животот? Се разбира, и човекот (сеуште) ништо не може да направи за тоа да го промени. Наспроти севкупниот техничко - технолошки развој, крајот - без оглед на неговата природа - е далеку од видливо решение! А природата на крајот е, се разбира, различна. Затоа, кога говориме за катастрофичните димензии на животот / човештвото, тоа мора да го имаме предвид, инаку запаѓаме во прилични заблуди. За каков крај / катастрофа / несреќа ... говориме: "природна" - подразбирајќи дури и крај на животот предизвикан од силите на природата, вклучувајќи ја тука и природната смрт, или пак насилна - предизвикана директно од човекот (насилни конфликти, убиства, војни итн.). Некој можеби ќе праша: а која е разликата, ако обете завршуваат слично / исто? Разлика има, и тоа суштинска, а во тоа е и "проблемот" (меѓу другото и на оваа изложба!)!

Како и да е, вакви и слични изложби имало и ќе има. Малку ги имало кај нас, повеќе во светот. На пример, покрај веќе наведената на почетокот, интересна е и изложбата Уметноста во тубулентни времиња, во Оринџ Каунти музејот во САД. (Се чини дека американците се посебно опседнати со вакви теми, особено по 11 септември).

Но, деновиве во Лондон е отворена една извонредна изложба на британскиот уметник Антони Громли. Не е директно поврзана со темава но Громли смета дека уметноста денес треба да потенцира, да предизвикува чувства на несигурност, неспокој, нелагодност ... наспроти идеите за хармоничниот свет. Така Громли може да е прекрасна илустрација за оваа тема!







vidi: http://www.whitecube.com/exhibitions/ag/lggi/

**3.**
Поточно, посочената изложба во скопскиот Музеј на современата уметност поаѓа (навидум) од иста тема но - од различна суштина. Имено, американскиот (тексашкиот) концепт сугерира / идентификува уметници кои се бават со катастрофичноста во поширока смисла, односно имајќи ги предвид нејзините различни (погоре посочени две) сушности. (Се разбира не се само две, но да речеме дека меѓу наведените две има суштинска разлика!). Оттука, таков бил и изборот на авторите / делата: обидувајќи се да ја "илустрира" темата од обете битни визури. Имињата на самите уметници (Џесика Лиска, Џое Пења, Енди Чоепе, Џон Медина и др.) малку ни значат / кажуваат, и секако не сениту на некаква "златна средина" на американската уметничка сцена. Можеби затоа и самите дела оставаат блед впечаток, иако темата "нуди" многу! Со чесни исклучоци (Викторија Шилдс, на пример) сето друго е премногу изнасилено, барем како поткрепа на темата!
Од друга страна, македонската селекција (куратор Лилјана Неделковска) во тој поглед е доста подобра. Односно, се базира главно на помлади но познати македонски автори (Атанас Ботев, Никола Узуновски, Александра Петрушевска, Методи Ангелов, ОПА) и неколкумина релативно непознати во пошироката јавност имиња. Иако без јасна и концизна идеја и образложение за поентата на селекцијата (и за делата и за авторите), македонската поставка "ја вадат" самите дела (се разбира не сите) и таа изгледа доста попристојно од американската! Но, од друга страна, нашите автори/дела (односно така направениот избор) се крајно "еднонасочни" односно преокупирани со локалната и делумно глобалната современа идеолошко - политичка сцена, без каков и да е' "осврт" на темата во поширок контекст (освен одредени исклучоци)!






Се разбира, тоа не ја намалува впечатливоста, (сеуште) актуелноста и секако "илустративноста" на генералниот концепт на изложбата. Ова особено се однесува на делата на Атанас Ботев (*Осама Бил Гаден* и *АРТИфакти*), секогаш извонредно инвентивниот и лапидарен Никола Узуновски, Александра Петрушевска, ОПА, "необичните" цртежи на Миле Ничевски итн. Секако интересен е видео проектот на Марјан Денков, инсталацијата на Зени Балаши (иако малку пре-претенциозна!) и проектот на Верица Ковачевска. (Во овој контекст, Тихомир Топузовски мозел да биде и поинвентивен од "простата репродукција" на едно дело од Славица Јанешлиева!).

| Фајл | Тежина |
|---|---|
| **Gormley1.jpg** | 2.56 KB |
| **Gormley3.jpg** | 2.6 KB |
| **Gormley2.jpg** | 1.35 KB |
| **New York.jpg** | 8.26 KB |
| **Pearl Hsiung1.jpg** | 33.98 KB |
| **Botev.jpg** | 19.5 KB |
| **Mile Nicevski.jpg** | 18.15 KB |
| **Mile Nicevski.jpg** | 18.15 KB |

додај нов коментар | за печатење | прати по e-mail | 54 пати прочитано | трекбек url
#